ЗУК-01/2014

Број: 02-3894/5 од 29.12.2014 год.
Датум на примена: 01.01.2015

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ГУБЕЊЕ НА КОЛИЧЕСТВО И КВАЛИТЕТ НА ОВОШНИ ПЛОДОВИ

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

(1) Предмет на осигурување се овошни плодови (јаболка, круши и праски) на интензивни плантажни насади.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ**
**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска за надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на количина и квалитет поради град.

(2) Осигурувачот по овие дополнителни услови не е во обврска за надомест од осигурување за штети со губење на количина и квалитет ако истата настанала поради елементарни и други причини кои не се наведени во точка 1 од овој член.

**УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ СКЛУЧИ ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 3**

(1) Осигуреникот според овие дополнителни услови е должен да ги осигура сите површини под посеви и плодови од исти вид.

(2) До почетокот на осигурувањето за квалитет, овошните плодови да не биле оштетени.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 4**

(1) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурување за штети предизвикани со губење на квалитет почнува по истекот на 24:00-тиот час од денот кој во полисата е означен како почеток на осигурување, но во никој случај не пред формирањето на плодовите, а за штети предизвикани со губење на количина според одредбите на член 5 од Посебните услови за осигурување на посеви и плодови.

(2) Обврската на осигурувачот за надомест од осигурување престанува после извршената берба на плодовите.

**КЛАСИ НА ОШТЕТУВАЊЕ НА ОВОШКИТЕ**
**Член 5**

(1) При настанување на осигурен случај во смисла на овие дополнителни услови плодовите се распоредуваат во следните класи на квалитет:

1) за јаболки и круши:

**I.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат неоштетените плодови од град, како и плодовите кои незначително се површински оштетени,.

**II.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат оштетени плодови од град кои имаат површински оштетувања а вкупните оштетувања не изнесуваат повеќе од 1cm2 од површината на плодот.

**III.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат оштетени плодови од град кои имаат површински оштетувања поголеми од 1cm2 од површината на плодот со формирано плутасто ткиво под оштетувањето, како и длабински оштетувања каде е оштетен епидермот. Вкупните оштетувања не изнесуваат повеќе од 2,5cm2 од површината на плодот.

**IV.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат сите останати плодови оштетени од град, кои се сеуште употребливи.

2) за праски и кајсии:

**I.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат неоштетените плодови од град, како и плодовите кои незначително се површински оштетени,.

**II.** **класа на оштетување** - во оваа класа се распределуваат сите останати плодови оштетени од град, кои се сеуште употребливи.

(2) Останатите видови на оштетувања кои настанале од други причини кои не се наведени во член 2 од овие услови, како и големината на плодовите, не влијаат на распределбата на плодовите во класите на оштетување.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА**
**Член 6**

(1) Конечна процена на штета за квалитет кај овошните плодови се врши пред бербата на истите при што се утврдува:

1) колкав принос би бил остварен да не настанал осигурен случај,
2) колкав е преостанатиот принос по настанувањето на осигурениот случај
3) колку од плодовите остануваат во I. класа на оштетување а колку плодови поради осигураниот случај се декласираат во II, III односно IV. класа на оштетување.

(2) Доколку се утврди дека осигуреникот после настанување на осигурен случај а пред извршена процена на штетата вршел делумна берба, собраните плодови ќе се класифицираат во I. класа на оштетување.

**ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 7**

(1) За плодови на јаболка и круши декласирани во II. класа на оштетување надоместот се утврдува во висина од 20% од осигурените цени.

(2) За плодови на јаболка и круши декласирани во III. класа на оштетување надоместот се утврдува во висина од 50% од осигурените цени.

(3) За плодови на јаболка и круши декласирани во IV. класа на оштетување надоместот се утврдува во висина од 80% од осигурените цени.

(4) За плодови на праски декласирани во II. класа на оштетување надоместот се утврдува во висина од 50% од осигурените цени.

(5) Надоместот од став 1, 2, 3 и 4 се врши за преостанатиот принос, односно за приносот кој е намален за процентот на уништени плодови.

(6) Надоместот од став 1, 2, 3 и 4 и надоместот за процентот на уништени плодови го претставуваат вкупниот надомест од осигурување.

(7) Надоместот од осигурување за уништување на плодовите (тотална штета) се утврдува според член 9 од Посебните услови за осигурување на посеви и плодови.

### ВАЖНОСТ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ
**Член 8**

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни Услови се применуваат и Посебните Услови за осигурување на посеви и плодови, доколку не се во спротивност со овие Дополнителни Услови .

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**Член 9**

(1) Овие Дополнителни Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2015 година, со што престануваат да важат Посебните услови за осигурување од губење на количество и квалитет на овошни плодови донесени од страна на Одборот на директори од 24.12.1993 година.